**СОЈУЗ ЗА ГРИЖИ И ВОСПИТУВАЊЕ НА ДЕЦАТА НА МАКЕДОНИЈА**
**ALLIANCE FOR CARE AND EDUCATION OF CHILDREN OF MACEDONIA**

68 ГОДИНИ

**ул. Вељко Влаховиќ бр.10/01 – 1000 Скопје пошт. фах 259**
**Veljko Vlahovich St. 10/I Po.box. 259 1000 Tel./fax +389 (2) 3162 067, 1000 Skopje,**
**сметка 200 0022072213 15, Депонент: Стопанска банка АД Скопје**
sojuz_makedonija@yahoo.com www.facebook.com/Radosti-Detsko odmoraliste

Арх бр. 0302-104/01-20
5.5.2020 год. Скопје

**ДО**
**ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РСМ**
За наставниците по мајчин јазик и
одделенските наставници

**Предмет:** Конкурс, Детски лирски треперења 2020

Почитувани,

**Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија** во вонредни околности и со многу неизвесност го распишува конкурсот за традиционалната манифестација за децата од нашата држава, **XLI.Фестивал на детско поетско творештво на Македонија**

**ДЕТСКИ ЛИРСКИ ТРЕПЕРЕЊА**

**За оваа година песните ќе бидат испраќани само по електронски пат до маилот на Сојузот, а покрај од маилот на училиштето дозволено е песните да бидат испраќани и од менторот или ученикот.**

Право на учество имаат сите ученици од Основните училишта во РСМ.

Најзначајно е детските песни да се **оригинални.**

Секое дете има право на учество со само една песна.

Темата на која што треба да пишуваат учениците е слободна, со цел учениците да се претстават со своите најубави напишани зборови.

Се дава целосна слобода во изборот на мотивите (од природата, убавината, слободата, детството, татковината, љубовта ...итн. итн.).

Трудовите треба да бидат испратени **најдоцна до 22.мај.2020 година,** на следната адреса:

**СОЈУЗ ЗА ГРИЖИ И ВОСПИТУВАЊЕ НА ДЕЦАТА НА МАКЕДОНИЈА**
**e-mail: sojuz_makedonija@yahoo.com,**
со следните податоци:
Име и презиме на ученикот, училиште, место, ментор и e-mail на менторот

Фестивалот Детски лирски треперења ќе се одржи во **Детското одморалиште РАДОСТИ - Охрид** во времетраење од три дена за што наградените ќе бидат дополнително известени.

Претседател на Одборот за Детско творештво при Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија е познатиот писател за деца г-дин Горјан Петревски.

Откако жири комисијата, ќе го направи изборот, наградените и пофалените ќе бидат известени најдоцна до **12.јуни 2020. Датумот на одржување ќе остане непознат заради познатата состојба, но се надеваме дека ќе се создадат услови за организирање на манифестацијата во август или септември 2020 година.**

Сите трошоци за време на манифестацијата се покриени од страна на Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија од собраните средства за време на **Детска недела 2019.**

Песните може да зафаќаат најмногу една страна од А4 формат, пишувани во фонт **Times New Roman**, со македонска поддршка и големина **12.**

Право на учество на фестивалот ќе обезбедат творците на најдобрите **20** детски песни заедно со нивните ментори од сите училишта во РМ.

Оние ученици кои освен на македонски јазик сакаат да пишуваат и на другите јазици на кои се изведува настава во РСМ, задолжително освен на мајчиниот јазик треба да испратат и превод на песната на македонски јазик.

Од избраните песни ќе се испечати по 41. пат Зборникот **Крај езерски бранувања**.

Ги очекуваме творците со нивните најубави песни.

**Со почит**

**Сојуз за грижи и воспитување на децата Македонија**
Одбор за детско поетско творештво
**Претседател**
Горјан Петревски, с.р

**Предмет:** ПОНУДА летување, Охрид

**7 дена - 6.000 ден**
**10 дена - 8.000 ден.**

Почитувани,

Детското одморалиште РАДОСТИ во рамките на своите програмски определби организира летување од 7 и 10 дена во детското одморалиште РАДОСТИ – Охрид. Имено, Детското одморалиште РАДОСТИ е сместено во населбата Св. Стефан во Охрид на самиот брег на Охридското езеро. Одморалиштето ги поседува сите одобренија и дозволи со што комплетно ги исполнува условите за предвидените летни активности.

**10 дневни смени**

| | |
|---|---|
| 16. јуни до 25. јуни | 06.август до 15.август |
| 25. јуни до 04.јули | 15.август до 24.август |
| 28.јули до 06.август | |

**7 дневни смени**

| | |
|---|---|
| 22 јуни до 28 јуни | 22 јули до 28 јули |
| 28 јуни до 04 јули | 28 јули до 03 август |
| 04 јули до 10 јули | 03 август до 09 август |
| 10 јули до 16 јули | 09 август до 15 август |
| 16 јули до 22 јули | 15 август до 21 август |

Цените од 6.000 и 8.000 денари се однесуваат за полни пансиони

Сојузот за ангажираните наставници исплаќа хонорар во висина од:
Хонорар од 1.400 денари по дете за 7 дневно летување
Хонорар од 1.720 денари по дете за 10 дневно летување

**Можност за плаќање на 5 рати,**

Заинтересираните наставници/ментори можат да се јават на контакт тел: 078 373 801 или на маил**:** radosti.ohrid@gmail.com